# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.7/2017
## 14.08.2017 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 11.08.2017 година.

Бр.09_221/1
14.08.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 44/11, 51/11, 54/11 и 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 11.08.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општина Неготино**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат местата на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општина Неготино и се обезбедуваат еднакви услови за сите организатори на изборната кампања.

Член 2

Изборни плакати без надоместок дозволено е да се истакнуваат на следните места:

1. Плоштадот на град Неготино и тоа на рекламните паноа кои се дел од поставената урбана опрема на плоштадот.
2. На делот од зидот на Градскиот стадион во Неготино на западната страна на улица „М.Тито", на кој не се поставени реклами.

Член 3

Истакнувањето на изборните плакати за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општина Неготино, започнува од 25.09.2017 година.

Член 4

Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти, со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

Член 5

Во селата од подрачјето на Општината Неготино се дозволува лепење на плакати на слободните површини погодни за таква намена, односно на стамбени или други приватни објекти со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

Член 6

Не се дозволува лепење плакати на објекти и фасади под заштита, односно на културно-историски споменици, спомен обележја и бисти, телефонски и електрични кабли, како и на столбови од светлосна сигнализација-семафори.

Член 7

Организаторите на изборната кампања, во рок од 30 дена по завршувањето на изборите должни се да ги отстранат своите плакати од објектите и просторот.

Член 8

Непридржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според казнените одредби од Изборниот законик.

Член 9

Надзорот над примената на оваа одлука ќе го врши Општинскиот инспекторат.

Член 10

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр.07-118/5 од 14.03.2014 година за утврдување на местата во град Неготино на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати без надоместок.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Неготино".

Бр.08-218/3
11.08.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 7/2017

1. Заклучок за објавување на Одлуката за за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општина Неготино Стр.1

2. Одлука за за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општина Неготино Стр.2-3